АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Скопје - Shkup
Примено: / Pranuar më: 11. 09. 2025
Орг. един. / Njësia org.: 09 | Број / Numër: 648/1 | Прилог | Вредност

# Извештај за работата на Одборот за евалуација на високото образование за периодот 01.01.2025 – 30.06.2025

## 1. Правна рамка

- Одборот за евалуација (ОЕ) врз основа на Законот за високото образование (Службен Весник бр.82. од 08.05.2018), Деловникот за работа на Одборот за евалуација и Извештајот на комисиите за евалуација на високообразовните установи, ја следи дејноста на високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и решение за почеток со работа.
- Го следи и оценува квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, научноистражувачката, уметничката и стручната работа на академскиот кадар на високообразовните установи, а посебно на нивните студиски програми најмалку на секои пет години и врз основа на тоа му предлага на Одборот за акредитација да ја продолжи или одземе акредитацијата.
- Предлага Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација до Националниот совет за високо образование.
- Дава препораки потребни за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовна дејност.
- Врши и други работи согласно Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.
- Врши и други работи утврдени со Закон.
- Одборот за евалуација на секои шест месеци доставува извештај за својата работа до министерството надлежно за работите на високото образование и до Националниот совет. Образецот за извештајот го пропишува министерот надлежен за работите на високото образование. Извештајот задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет и на веб страната на министерството надлежно за работите на високото образование.

## 2. Состав на Одборот за евалуација

**Шест членови од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Северна Македонија избрани со тајно гласање од Интеруниверзитетската конференција:**

проф. д-р Димитар Ташковски, проф. д-р Мила Арапчевска, Проф. д-р Ебрар Ибраими, проф. д-р Срѓан Миќиќ, проф. д-р Климе Белевски, проф.д-р Даринка Ѓоргиева Ацкова

**Шест члена именувани од Владата на Република Северна Македонија, од редот на професорите во работен однос на јавните универзитети во Република Северна Македонија:**

проф. д-р Боро Џонов, проф. д-р Татјана Стојановска Иванова, проф. д-р Ирина Јолдеска, проф. д-р Христина Спасевска, проф. д-р Ведије Раткоцери, проф. д-р Сузана Алиу

Во текот на извештајниот период Владата на Република Северна Македонија предложи нови членови на местото на проф. д-р Ведије Раткоцери, проф. д-р Сузана Алиу и проф. д-р Боро Џонов: проф. д-р Сахмедин Сали, проф. д-р Арианит Рекад и проф д-р Тони Ристески,

Еден член именуван од најрепрезентативната организација на работодавачи:

Светлана Ристовска Антиќ (Организација на работодавачи во Македонија).

**Еден член именуван од Македонската академија на науките и уметностите:**

| |
|---|
| Академик Владо Камбовски.<br>**Еден член избран од редот на студентите избран од Интеруниверзитетска конференција:** |
| 3. Надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација |
| / |
| 4. Краток преглед за општата оценка за периодот 01/01/2025-30/06/2025 |
| Во текот на извештајниот период, Одборот за евалуација ја отпочна постапката за надворешна евалуација на високообразовните установи (ВОУ) во Република Северна Македонија. Согласно донесениот Годишен план и во согласност со расположливите странски експерти, во месеците јануари и февруари 2025 година беа избрани шест високообразовни установи за спроведување на процесот на надворешна евалуација. (Економски факултет - Универзитет „Гоце Делчев", Бизнис академија Смилевски – БАС, Факултет за бизнис економија – Скопје, Економски факултет – АУЕ ФОН, Факултет за туризам – Универзитет Скопје и Економски факултет – Меѓународен Универзитет во Струга)<br><br>За потребите на процесот беа контактирани странските експерти и беа формирани стручни комисии за селектираните ВОУ.<br><br>Истовремено беше воспоставен контакт со селектираните високообразовни установи (ВОУ), на кои им беше претставен процесот на надворешна евалуација. Истите до Одборот ги доставија извештаите за самоевалуација. Сепак, поради промената на директорската позиција во Агенцијата за квалитет во високото образование (АКВО), процесот беше привремено прекинат во текот на неколку месеци. Причина за прекинот беше неможноста да се обезбеди навремена логистичка поддршка од страна на АКВО (набавка на авионски билети, сместување и други организациски активности). Се очекува оваа поддршка да биде обезбедена до крајот на летните месеци, со што процесот ќе може да продолжи на почетокот на септември.<br><br>Покрај шесте ВОУ кои веќе доставија извештаи, Одборот планира до крајот на годината да реализира уште две надворешни евалуации. Имено, во месец јуни, по барање на Министерството за образование и наука, беа формирани стручни комисии за евалуација на уште две установи: Правниот факултет при Меѓународниот универзитет „Визион" – Гостивар и Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатија при МИТ Универзитет. Двете установи се во процес на подготовка на извештаите за самоевалуација, кои треба да ги достават до крајот на месец септември, по што ќе следи нивна посета од страна на стручните комисии и изготвување на конечните извештаи.<br><br>Во извештајниот период, Одборот ја заврши постапката по јавниот повик за ангажирање странски експерти и студенти за 2024 година. Иако на повикот пристигнаа 40 апликации, само петмина странски експерти ги исполнуваа утврдените критериуми. Членовите на Одборот оценија дека критериумите се премногу рестриктивни и поведоа постапка за измена и дополна на *Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација*. Измената се однесува на член 10, став 3, со која се предлага критериумот за избор на евалуатори да предвидува задолжително претходно искуство во евалуација или акредитација на најмалку две високообразовни институции во земја или во земји членки на Европската унија. Иницијативата беше прифатена од Националниот совет, како надлежен орган за донесување на Правилникот, а промените беа објавени во *Службен весник.*<br><br>Јавниот повик за 2025 година беше објавен согласно новите критериуми во месец мај, на веб-страницата на АКВО и на веб-страницата на ENQA, како и дистрибуиран до голем број универзитети, главно преку експертите кои веќе се наоѓаат на листата на странски експерти. На повикот аплицираа 36 кандидати, од кои 9 ги исполнуваат условите предвидени со јавниот повик. Со нивното вклучување, листата на странски експерти се |

зголеми на околу 40. Најголемиот дел од експертите се од областа на општествените и хуманистичките науки.

5. Краток преглед за наредниот период 01/07/2025 – 31/12/2025

Главните активности во наредниот период ќе бидат насочени кон спроведување на евалуацијата на веќе селектираните високообразовни установи (ВОУ), кои ги доставија извештаите за самоевалуација, како и кон селекција и евалуација на нови ВОУ. Во таа насока, планирани се следните активности:

- Посета на 8 високообразовни установи од страна на стручните комисии до крајот на месец ноември 2025
- Пишување извештаи и давање оценка за извршената надворешна евалуација од страна на стручните комисии, како и поднесување на извештаите на усвојување од страна на Одборот за евалуација на високото образование (декември 2025).
- Донесување на Годишен план за спроведување на надворешна евалуација на високообразовни установи во РС Македонија за периодот септември 2025 – август 2026 (септември 2025).
- Формирање на стручни комисии за спроведување на надворешна евалуација на шест високообразовни установи во РС Македонија (октомври 2025).
- Спроведување на обука за членовите на ОЕ и странските експерти за процесот на надворешна евалуација на високо образование во РС Македонија (октомври 2025).
- Известување и посети на единиците кои ќе бидат предмет на надворешна евалуација, со цел да се подготват за претстојниот процес (декември 2025).
- Анализа на процесот и донесување препораки за негово подобрување, доколку се утврди потреба.
- Континуирана соработка со релевантните чинители кои придонесуваат за подобрување на квалитетот на високото образование.

6. Организација на работата

Организацијата на работата на Одборот за евалуација е подетално регулирана со Деловникот за работа. Во изминатиот шестмесечен период, Одборот за евалуација одржа вкупно 12 редовни седници, како и неколку дополнителни седници на комисии и работни групи, формирани според потребите. Тековните активности на Одборот за евалуација се прикажани хронолошки во продолжение, согласно дневниот ред на одржаните седници во периодот од 1 јануари до 30 јуни 2025 година.

**15 Седница** На седницата беа разгледувани апликациите кои беа поднесени на конкурсот за избор на странски експерти за 2024 година. Во рамките на дискусијата, посебно внимание беше посветено на усогласеноста на поднесените апликации со дефинираните услови за избор, како и на релевантноста на професионалните искуства и академските звања на кандидатите. Дополнително, Одборот отвори расправа за самите услови на конкурсот, при што беа истакнати потенцијалните пречки што би можеле да влијаат на одѕивот на странските експерти. Во таа насока, беа споделени предлози за можни унапредувања на процесот и за олеснување на пристапот и учеството на заинтересираните кандидати во идните повици.

**16 Седница** Поради промена во составот на членовите предложени од Владата на РСМ, досегашната заменик-претседателка е разрешена од членството во Одборот. Како нов заменик-претседател беше предложен проф. д-р Ебрар Ибраими, а одлуката за негов избор беше едногласно усвоена.

На седницата беше отворена расправа за формирање комисија за изготвување на шестмесечниот извештај за работата на Одборот за евалуација.

Исто така, беше разгледано и прашањето за формирање стручни комисии за надворешна евалуација. На седницата беа формирани стручни комисии за надворешна евалуација на следните високообразовни установи:

- Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Економски факултет
- Бизнис академија Смилевски – БАС
- Факултет за бизнис економија – Скопје

**17 Седница** На 17-та седница на Одборот за евалуација едногласно беше усвоен Извештајот за работата на Одборот за периодот 01.07–31.12.2024.

Беше разгледан извештајот на Комисијата за избор на странски експерти и студенти, при што беше констатирано дека од 40 апликации само 5 ги исполнуваат критериумите. Членовите оценија дека критериумите се премногу рестриктивни и Комисијата беше задолжена да подготви предлог за нивна измена.

Исто така, беа формирани стручни комисии за надворешна евалуација на

- Економски факултет – АУЕ ФОН,
- Факултет за туризам – Универзитет Скопје и
- Економски факултет – Меѓународен Универзитет во Струга.

**18 Седница** На седницата беше разгледан предлогот за измена и дополна на Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација. Измената се однесува на член 10, став 3, со која се предлага критериумот за избор на евалуатори да предвидува задолжително претходно искуство во евалуација или акредитација на најмалку две високообразовни институции во земја или земји членки на Европската унија. По разгледувањето, Одборот го усвои предлогот и заклучи дека истото барање треба да биде доставено до Националниот совет, како надлежен орган за донесување на Правилникот.

**19 Седница** На седницата беа разгледани тековните активности поврзани со процесот на надворешна евалуација. Во дискусијата, претседателите на стручните комисии како главен предизвик го нагласија недостатокот на координатори од страна на АКВО, кои треба да дадат поддршка во процесот на евалуација. Нивната улога е да ја организираат целокупната комуникација со единиците предмет на евалуација, со што ќе се обезбеди навремено информирање, транспарентност и непречено спроведување на процесот.

**20 Седница** На седницата беше разгледан дописот од ОА за спроведување вонредна евалуација на високообразовната установа „Бреинстер Некст“ – Скопје. Како и при претходните вакви барања, Одборот заклучи дека, согласно член 52, став 5 од Законот за високото образование и член 6 од Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, вонредна евалуација може да побараат единствено Националниот совет, самата високообразовна установа или министерот надлежен за високото образование.

Дополнително беше истакнато дека, во случај на евентуално одземање на акредитација, надлежноста за водење постапка ја има Одборот за акредитација.

**21 Седница** Одборот ја разгледа актуелната состојба со процесот на надворешна евалуација и утврди дека роковите предвидени во Правилникот нема да можат да се испочитуваат. Причина за тоа е отсуството на назначен директор во АКВО, поради што голем дел од потребните активности не може да се реализираат без соодветна административна поддршка од Агенцијата. Како заклучок, Одборот одлучи процесот на надворешна евалуација да биде ставен во мирување, сè додека не се создадат услови за негово понатамошно спроведување.

**22 Седница**. Бидејќи измената на членот од Правилникот за надворешна евалуација, согласно барањето на Одборот, беше објавена во „Службен весник“, на седницата беше разгледан новиот конкурс за избор на странски експерти. Со стапувањето во сила на измената се создадоа услови за распишување нов конкурс, а членовите едногласно ја поддржаа иницијативата за избор на странски експерти за 2025 година.

Во продолжение беа разгледани активностите поврзани со процесот на надворешна

евалуација. Иако првите три универзитети селектирани за надворешна евалуација веќе ги доставија своите извештаи од самоевалуација, активностите на Одборот во овој дел моментално се привремено сопрени. Причината за застојот произлегува од процесот на избор на нов директор на АКВО, како и од потребата за спроведување јавни набавки за сместување и транспорт на странските експерти.

**23 Седница** На седницата членовите на Одборот ја запознаа новоизбраната директорка со активностите поврзани со спроведувањето на надворешната евалуација на првите шест високообразовни установи. При тоа беа посочени предизвиците, пред сè од логистички карактер, кои треба да се надминат за да може процесот да продолжи непречено.

Членовите на Одборот повторно го истакнаа проблемот со недостаток на кадар во Агенцијата, особено координатори кои треба да ја водат целата административна постапка поврзана со надворешната евалуација. Изразија и загриженост за можен судир на интереси доколку членовите на Одборот бидат вклучени и во административниот дел и во самиот процес на евалуација.

**24 Седница** Членовите на Одборот беа информирани за техничките проблеми со веб-страницата на АКВО, поради што беше заклучено дека е потребно продолжување на рокот за пријавување на странски експерти и студенти. Наместо првично предвидениот рок 20.06.2025 година, Одборот одлучи рокот да се продолжи до 27.06.2025 година.

**25 Седница** На седницата беше разгледан дописот на МОН за спроведување вонредна надворешна евалуација на МИТ Универзитет и Меѓународен Универзитет „Визион – Гостивар", како и потсетувањето за евалуацијата на Универзитетот „Св. Апостол Павле", Меѓународен Универзитет Струга и Високо стручна школа Факултет за бизнис економија – Скопје. За Меѓународен Универзитет Струга и Факултетот за бизнис економија – Скопје се формирани комисии кои веќе доставиле извештаи, а евалуацијата ќе се реализира по обезбедување услови од АКВО. За Универзитетот „Св. Апостол Павле" не може да се формира комисија поради недостиг од соодветен кадар и ограничувањата предвидени со Правилникот.

Во однос на МИТ Универзитет и Универзитетот „Визион – Гостивар", беше истакнато дека согласно расположливата листа на странски експерти можат да се формираат комисии за факултетите од областа на општествените и правните науки.

**26 Седница** Во врска со јавниот повик за избор на странски експерти за вршење надворешна евалуација, беше формирана комисија што ќе ги разгледа сите поднесени апликации.

Понатаму, согласно барањето на МОН, беа формирани стручни комисии за надворешна евалуација за:

- Правен факултет, Меѓународен Универзитет „Визион" – Гостивар
- Факултет за правни науки, меѓународни односи и дипломатија, МИТ Универзитет

Исто така, врз основа на барањето од АКВО за планирање на буџетот за наредната година, Одборот оцени дека реално е да се предвидат околу 15–20 надворешни евалуации, врз кои треба да се темели буџетското планирање.

7. Преглед на финансиското работење

Финансиското работење на ОЕ е регулирано со Одлуката за видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на евалуација врз основа на реално направени трошоци, како и надоместоците на членовите на одборот за евалуација на високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа. Оваа одлука е донесена од Владата на Република Северна Македонија и е објавена во Службен весник на РСМ, бр. 269/21 од 03.12.2021 година.

Во овој извештаен период, финансиското работење на Одборот се однесува исклучиво на исплатата на редовните месечни надоместоци за членовите. За 12 одржани седници во извештајниот период, вкупниот износ што треба да се исплати на членовите на ОЕ

| |
|---|
| изнесува 450.000 денари. |
| 8. Разгледувани и усвоени прописи |
| Во рамки на 18-та седница, Одборот го разгледа предлогот за измена и дополна на *Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.* Измената се однесува на член 10, став 3, при што критериумот за избор на евалуатори се прави пофлексибилен. Согласно предлогот, се предвидува претходно искуство во евалуација или акредитација на најмалку две високообразовни институции во земја или во земји членки на Европската унија. По разгледувањето, Одборот го усвои предлогот и заклучи истиот да биде доставен до Националниот совет, како надлежен орган за негово усвојување. |
| 9. Тековна состојба за усогласеноста на постапките со ESG2015 |
| Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, кој на предлог на Одборот за евалуација го донесе Националниот совет е целосно усогласен со Стандардите и насоките за обезбедување на квалитет во Европскиот простор на високо образование (*Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area* или ESG, 2015). Овој правен акт е основа за вршење на надворешна и внатрешна евалуација на високообразовните установи во РС Македонија, во кој поблиску се опишани стандардите и насоките за спроведување на евалуацијата. |
| 10. Систем за обезбедување на квалитет |
| 10.1 Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет |
| Согласно член 21 од Деловникот за работа, Одборот за евалуација на високото образование врши самоевалуација на својата работа на секои две години. Следствено, самоевалуација на работата на ОЕ ќе се спроведе во почетокот на 2026 година |
| 10.2 Надворешна проверка на работата |
| Процесот на надворешна проверка на работата на Одборот за евалуација, додека не се предвиди поинаку, се врши на овој начин со изготвување на полугодишни извештаи за работата на Одборот, кои се доставуваат до министерството надлежно за работите на високото образование и до Националниот совет. РСМ сеуште е придружна членка на ENQA, а со полноправното учество на нашата држава во оваа европска асоцијација, обврската за надворешна проверка на работата на Одборот, ќе се реализира согласно европските стандарди и регулативи. |
| 11. Предлози до Одборот за акредитација на високото образование за продолжување на акредитации на студиски програми |
| Одборот за евалуација, во извештајниот период, нема извршено надворешна евалуација на ВОУ и студиски програми. Оттука, Одборот за евалуација нема доставено предлози за продолжување на акредитации на студиски програми до Одборот за акредитација во овој извештаен период. |
| 12. Предлози до Одборот за акредитација на високото образование за одземање на акредитации на студиски програми |
| Одборот за евалуација во овој извештаен период нема доставено предлози за одземање на акредитации на студиски програми до Одборот за акредитација, од причина наведена во точка 11. |
| 13. Оценка за квалитетот на вршењето на високообразовната дејност |
| Одборот за евалуација во овој извештаен период нема дадено оценка за квалитетот на вршењето на високообразовната дејност на ВОУ во Република Северна Македонија, од причина наведена во точка 11. |
| 14. Оценка за квалитетот на уметничката и стручната работа |

| |
|---|
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот на изведувањето на уметничката и стручната работа на кадарот на ВОУ во овој извештаен период, од причина наведена во точка 11. |
| 15. Оценка за релеватноста и квалитетот на научните истражувања |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за релевантноста и квалитетот на научните истражувања во овој извештаен период, од причина наведена во точка 11. |
| 16. Оценка на квалитетот и релевантноста на докторските, магистерските и специјалистичките трудови |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот и релевантноста на докторските, магистерските и специјалистичките трудови на високообразовните установи, од причина наведена во точка 11. |
| 17. Оценка за квалитетот на резултатите од учењето и нивното исполнување според структурата и активностите на студиската програма |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот на резултатите од учењето и нивното исполнување според структурата и активностите на студиската програма. Причините се наведени во континуитет, во погоре наведените точки. |
| 18. Оценка за системите и постапките за самоевалуација и релеватноста на студентските анкети |
| Заради неможноста да се формираат стручните комисии, не се разгледувани и анализирани постапките за самоевалуација и студентските анкети. |
| 19. Дадени препораки за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовната дејност или дадени други препораки поврзани со делокругот на работа |
| Стручните комисии сеуште не се формирани со што не се создадени услови да се дадат конкретни препораки по извршена евалуација. |
| 20. Оценка за наодите за оценувањата, нивната примена и релевантност, за постигнувањето на резултатите од учењето на студентите кои ги применуваат високообразовните или научните установи |
| Одборот за евалуација не пристапи кон оценувања на постигањата на резултатите од учењето на студентите заради неможноста да се исполнат условите предвидени во Законот за високото образование. |
| 21. Разгледувани жалби и постапките по нив |
| Во Одборот за евалуација во изминатиот период не се водени постапки по жалби. |

| |
|---|
| 22. Обуки за членовите на Одборот |
| Во извештајниот период не се реализираше обука за членовите на Одборот. |
| 23. Обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација |
| Во извештајниот период не се реализираше обука за експертите. |
| 24. Учества на конференции/состаноци |
| / |
| 25. Посети на делегации |
| / |
| 26. Остварена соработка |

| |
|---|
| / |
| 27. Издавачка дејност |
| / |
| 28. Состојба со мрежната страница на Одборот |
| Службата на АКВО е одговорна за одржување на веб-страницата http://www.akvo.mk. По краток прекин, веб-страницата повторно е функционална и на неа се објавуваат сите потребни информации за работата на Одборот. |
| 29. Разгледувани документи и тематски анализи |
| / |
| |
| Претседател на Одборот за евалуација |
| |
| Скопје 10.09.2025 Проф. д-р Димитар Ташковски |
| |